

# Патот на крушката

***...КРИСТИЈАН САНЕВ ги направи своите линеарно изведени графики (минијатури) и дипломира во мај 1999 на ФЛУ.***

Кристијан е амбициозен млад креативец, кој се стреми кон успех и техничко совршенство во графиката, а што е одлика на човек што во иднина би можел да биде добар професор. (Сега е на постдипломски студии на истиот отсек.) Тој вели дека е волк (можеби, но само говорно), но е јагне на македонскиот ликовен академизам. Особина што води до занаетчиски експертизам, потребна за техничка обука на нови генерации во ликовните институции.

Минијатурата, во овој контекст, ја означува позицијата на уметник „над својата уметност".

„Црно - сиво - бело" е код на класичната графика и почит кон неа.

Правоаголник и круг, или прозорец и поглед.

Од горен ракурс, авион, птичја перспектива, кадрирани се пејзажите на земјата со нивната „природна" геометрија.

Патувањата од детството како поттикнувач; импресиите од археолошките ископувања (неколку години изработува технички цртежи на локалитет) и возобновеното сеќавање евоцираат полиња од минатото; градови и локации со улици и снег од другата страна. Или, пожар во ноќта; па зимата заминува и пролетта доаѓа пред торнадото на патот. (И насловите укажуваат на носталгија кон модерната класика.) Една млака романтика на ливада покрај река; очигледна човечка карактеристика и срамежлива чувствителност.



Пред јавноста, ќе се покаже во ноември 2000, во графичкото студио на М. Г. С. Дотогаш, многу среќа Кристијан!

А, да ќе заборавев. Минијатурите се во техника на сува игла и сув печат. Избегната е акватинтата поради потенцијално „труење" од азотната киселина (еден искрен исказ). Моментно, авторот ги совладува линорезот и дрворезот, плашливо навлегувајќи во концептуалното размислување, црпејќи содржина од општата историја.

Иванка АПОСТОЛОВА